Здружение на пензионери на Општина Виница

Ул.Енгелсова бр 1

Жиро сметка : 300220000030580 Комерцијална Банка

Емаил: vinicazpvinica@gmail.com

Тел: 033-361-339 / 071-886-967

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено: 09 11 2016			
Орг.Един:	Број: 05-2857/4	Прилог:	Вредност:

Бр. 0302-57
09.11.2026 год.
Виница

До Општина Виница

ВИНИЦА

ПРЕДМЕТ- ПРОГРАМА ЗА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА ЗА 2027 ГОД

Почитувани!

Во врска со објавениот оглас за доставување програма за работа за нашето работење како Здружение на пензионери од Општина Виница,чие работење Општината го подржува со планирани средства од Буџетот за 2027 год Ви доставуваме програма.

Со оваа програма ќе се реализираат активностите од областа на пензионерското организирање,значењето од извршување на активностите на здружението и соработката со останатите Здруженија членки на СЗПМ, пензионерри од Република Србија и Бугарија, како и соработката со Локалната самоуправа,Црвен крст и др невладини организации и фондации.

Во тековната 2027 год ,Здружението на пензионери како непрофитабилна организација ,самостојна во организирање и остварување на целите и задачите ,интересите и дејностите ке се труди во границите на можностите да ги реализира следните активности и задачи во интерес на пензионерското организирање и создавање услови за подобро активно стареење.

-Најпрво во програмата е зацртано да се решат проблемите од областа на инфраструктурата кои ги засегаат пензионерите а се

Здружение на пензионери на Општина Виница
Ул.Енгелсова бр 1
Жиро сметка : 300220000030580 Комерцијална Банка
Емаил: vinicazpvinica@gmail.com
Тел: 033-361-339 / 071-886-967

во надлежност на Локалната Самоуправа.Бараме вклученост на Градоначалникот и пратеникот во решавање на проблемот околу сопственоста на зградата на Пензионерскиот дом,по член 17 Сл.Весник бр.176 од 13 октомври 2015 год , каде стои,, дека на подрачјата на општините во кои постојат пензионерски домови со кои управува ФПИОСМ на Здруженијата на пензионери во рамките на општините ,Фондот ке им додели деловен простор за извршување на нивната дејност со склучување договор за користење на истиот без надомест,,.Согласно тој чл. Бараме помош да преку пратеникот во Собранието на РМ, да може Здруженијата да си ги повратат Пензионерските домови или ФПИОСМ да склучи договор за трајно користење .

Во с. Јакимово , клубот на пензионери кој функционира во поранешната продавница на ЗИК Брегалница Виница,ПР.1влез,кат1, на КП 432 КО Јакимово евидентирано во Имотен лист бр.133, 62 м2, бараме да ни биде доделен на трајно користење за клуб на пензионерите од с.Јакимово или да се продолжи да се користи без надомест како и досега.

Во Здружението на пензионери во Виница, постои музичка група,оркестар и пејачка група, која го претставува ЗП и градот Виница, на музичките ревии што се организираат во склоп на СЗПМ во Републиката и надор од неа,како и на прославите организирани од ЗП и одбележување на празници во склоп на Општината како и на покани во други Здруженија .

За опстојување на музичката група потребна е подршка од Локалната самоуправа,за вклучување во сите прослави со што ќе ни помогнете да ја промовираме но и со тоа го подобруваме

Здружение на пензионери на Општина Виница
Ул.Енгелсова бр 1
Жиро сметка : 300220000030580 Комерцијална Банка
Емаил: vinicazpvinica@gmail.com
Тел: 033-361-339 / 071-886-967

културно забавниот живот во градот.Потребни ни се и финансиски сретсва за настапи во др градови и на фестивали надвор од Македонија.Исто така за ангажирање на стручно лице кое ги води и спрема на пробите ни се потребни **36.000.00 ден.**,

Во програмата е планирано традиционалните концерти **,,Песна за мојот град,,/21.12.2026 и 2027год** и концертот **,,Павловденски видувања,,11.07.2027 год** и оваа година да се организирааат .На концертите ќе бидат поканети и др музички групи, , рецитали, и за сето тоа ни се потребни сретства за вечера за музичките групи од др здруженија,околу 60 луѓе, сретства за снимање на концертот,ангажирање на стручно лице за музика,плакати, покани, украсување на сала и др во износ од **60.000.00 ден.**

Концертот ,,Павловденски Видувања ,, на 11.07.2026 год доколку не биде вклучен во финансиската програмата за Павловден, исто така ќе ни бидат потребни околу 60.000,00 ден за учесниците.

Во 2025 год ЗП Виница се збратими со ЗП од Лесковац, и во Лесковац секоја година се организира меѓународен фестивал на песни и игри со пензионери од СРБИЈА, Македонија ,Бугарија и др градови на 19.06.2027 год .За учество на тој фестивал потребни ни се финансиски сретства за превоз и ручек на учесниците околу **50.000.00 ден.**

Во програмата е предвидено и помагање на пензионерите со ниски пензии, на болни, изнемоштени,пензионери кои живеат сами и нема кој да се грижи за нив, за таа помош исто така ни се потребни финансиски средства кои ние неможеме целосно да ги

Здружение на пензионери на Општина Виница
Ул.Енгелсова бр 1
Жиро сметка : 300220000030580 Комерцијална Банка
Емаил: vinicazpvinica@gmail.com
Тел: 033-361-339 / 071-886-967

обезбедиме од чланаринатa и потребно е и да Општината земе учество. Во неколку наврати се обраќаме до ЦРВЕНИОТ КРСТ на РМ , бидејки нашата Општина наназад повеќе години е носител на првото место по дарувани единици крв, да тие обезбедат пакети, но немаме одговор.Општината и градоначалникот да се заложат да се обезбедат пакети за старите пензионери , бидејки во др Општини во Скопје Црвенит крст преку Здруженијата на пензионери доделува пакети.

За сите напред наведени цели ,опфатени во програмата покрај Вашата заложба за решавање на барањата и проблемите , секако потребни ни се и финансиски сретсва:

1-за музичката група /стручно лице 36000

2- за концерт ,,Павловденски видувања,,11.07.2026 год 60.000.00

3-за предновогодишен концерт на 21.12.2026 го 60.000.00 ден

4-За настап на меѓународен Фестивал во Лесковац околу 50.000.00 ден.

Се вкупно – 206000

Сепак ке бидеме благодарни ако советот ни одобри барем 60.000.ден.

Со надеж да Општината се вклучи во остварување на нашата програма и ни додели финансиски сретства Ве поздравуваме.

Виница 09.11.2026 год

ЗП-ВИНИЦА